Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 5 ноември 2024 година

Скопје, ноември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 ноември 2024 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Радослав Настасијевиќ-Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Сафије Садики-Шаини, заменик на министерот за спорт, како и Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Беќим Емини, државен правобранител на Република Северна Македонија, м-р Максим Ацевски, главен државен ревизор, како и м-р Марија Митева и Венера Љатифи-Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 25-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 октомври 2024 година

- Усвојување на Записникот од 27-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 октомври 2024 година

1. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година во Министерството за финансии - Функции на државата (01 2024 03 01)

2. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Процесот на доделување на договорите за јавни набавки“ (Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје-Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино, Јавна здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“-Скопје, Јавна здравствена установа-Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“-Охрид и Општина Битола)

3. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, Сметка за средства од Фондот (737)

4. Конечен извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“

5. Конечен извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести, Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствена услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести, Сметка за средства од Фондот (737)

6. Информација за постапување по Заклучок на Влада, точка 88 (Прашања и предлози) од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година (реконструкција и санација на кров на зградата на Владата на Република Северна Македонија)

7. Информација за постапување по Заклучок на Влада по точка 35 од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година (санација на кров на зградата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство)

8. Извештај за работата на Технолошко-индустриските развојни зони, за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година

9. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип, со Предлог-одлука

10. Информација за давање согласност за користење на деловен простор под закуп на Јавното претпријатие за државни патишта

11. Информација за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Кавадарци

12. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Аеродром

13. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар, по скратена постапка

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности, по скратена постапка

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота, по скратена постапка

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги, по скратена постапка

18. Предлог на закон за дополнување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка

19. Предлог-уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2025 година

20. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година

21. Информација за одобрување на Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на Автопат Тетово-Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 35+641 – км 53+127) (измена бр.2), со Предлог - одлука

22. Информација за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година, со предлог-одлуки

23. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, Ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министеството за транспорт за 2024 година

24. Информација по Барање за регулирање на долг бр.16-6715/2 од 8.8.2024 година поднесено од Општина Македонски Брод

25. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–бентонитска глина на локалитетот „Бела Глава“, с.Кучково, Општина Ѓорче Петров, со предлог – одлуки

26. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.407 Пена

27. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река

28. Информација во врска со Барањето на концесионерот Биор енерги ДОО Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2, со Анекс бр.3 на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ Речица 2 со бр. 11-2171/1 од 27.3.2018 година

29. Информација во врска со Барањето на концесионерот „Индиго хидро Македонија“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со Анекс бр.7 на Договорот

30. Информација во врска со Барањето на концесионерот Гравис хидро ДОО Гостивар, за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена, со реф. бр.84 и МХЕЦ Пена со реф.бр. 85, со Анекс бр.3 на Договорот

31. Информација во врска со Барањето на Шпаркасе банка АД Скопје за склучување на Директен договор со Владата на Република Северна Македонија со цел давање на согласност за залог врз уделите на концесионерот Актуел енерџи груп ДОО Скопје, со текст на Директен договор

32. Информација во врска со Барањето на Шпаркасе банка АД Скопје за склучување на Директен договор со Владата на Република Северна Македонија со цел давање на согласност за залог врз уделите на концесионерот Е.К.О. Енергетика ДООЕЛ Битола, со текст на Директен договор

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на државен пат Р1109, делница-обиколница на Богданци, Општина Богданци, со Предлог-одлука

34. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Љупчо Наков, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука

35. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на водоводна и канализациона инфраструктура на сервисни улици според ДУП за дел од УЕ 97 во м.в. Плуждино и Горни Бунар и изградба на водоводна и канализациона инфраструктура во ЛУПД, КО Три Чешми, Општина Штип

36. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на водовод и фекална канализација на ул. „АСНОМ“, ул. „Боро Милевски“, ул. „Рудо“, ул. „Христијан Тодоровски Карпош“ и за ромска населба „Света Недела“ и реконструкција на водоснабдување на м.в. „Новакова Чешма“ и м.в. „Плуждино“, во Општина Штип

37. Информација за реализирани активности за учество на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија, со Предлог – решение и Предлог за културна програма за претставување на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија

38. Предлог-програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година

39. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година

40. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2024 година

41. Предлог-одлука за зголемување на квотата на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд

42. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–варовник на локалитетот „Остра Чука“, Општина Долнени

43. Предлог–одлука за престанување на важењето на Одлуката за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација

44. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Ѓорче Петров

45. Предлог-решение за овластување на потписник за склучување на договори за купопродажба на станови

46. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија

47. Информација за досегашните активности на Министерството за култура и туризам по однос на реализацијата на изданијата од капиталните проекти од областа на издавачката дејност, со Прилог - листа на установи за дистрибуција на книги од капиталните проекти реализирани од Министерството за култура и туризам

48. Предлог–одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

49. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани за спроведување специјалистичко - консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на физикалната медицина и рехабилитација

50. Барање за давање на автентично толкување на член 26 точка 4) од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, поднесено од градоначалникот на Општина Пробиштип

51. Информација на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, за доделена државна помош за периодот јануари-декември 2023 година

52. Иницијатива од Земјоделски комбинат Пелагонија АД Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.151/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 47 став 5 и член 47 став 6 во делот „максималните износи од ставот (5) на овој член“ од Законот за земјоделство и рурален развој и оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 25 од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директни плаќања за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24 и 34/24)

53. Иницијатива од Државниот инспекторат за шумарство и ловство, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.153/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 69 став 1 и член 70-а став 3 од Законот за шумите

54. Иницијатива од Државниот инспекторат за шумарство и ловство, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.114/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 76 став 4 од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2023)

55. Понуда од нотар Елена Пенцерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.924, за КО Сингелиќ-1, на КП бр.3156, викано место/улица „Сава Михајлов“

56. Понуда од нотар Елена Пенцерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.931, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.3138, викано место/улица „Сава Михајлов“

57. Понуда од нотар Елена Пенцерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 927, за КО Сингелиќ - 1 на КП бр.3155 викано место/улица „С. Михајлов“

58. Понуда од нотар Елена Пенцерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 952, за КО Сингелиќ - 1 на КП бр. 3157 викано место/улица „С. Михајлов“

59. Понуда од нотар Елена Пенцерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 930, за КО Сингелиќ - 1 на КП бр. 3139, Викано место/улица „С. Михајлов“

60. Понуда од нотар Елена Пенцерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.929, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.3153, Викано место/улица „С. Михајлов“

61. Понуда од нотар Елена Пенцерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.928 за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.3154, викано место/улица „С. Михајлов“

62. Понуда од нотар Диана Бардаров од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100177 за КО Штип - 5, на КП бр.7457, викано место/улица „Град“

63. Понуда од нотар Симон Зафировски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.194280 за КО Драчево 2, на КП бр.10073, викано место/улица „Речиште“

64. Понуда од нотар Сашо Василевски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1254 за КО Орман, на КП бр.392, викано место/улица „Трлиште“

65. Кадровски прашања

66. Прашања и предлози

67. Извештај за работата на Советот за македонски јазик (јануари – декември 2023 година)

68. Извештај за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во 2023 година

69. Годишен извештај за работата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2023 година

70. Годишна сметка за 2023 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните - Скопје

71. Извештај за реализација на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2023 година

72. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за периодот јануари-март 2024 година

73. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за периодот април-јуни 2024 година

74. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие „Студенчица", Кичево, за вториот квартал на 2024 година (1.4-30.6 2024 година)

75. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот јануари - март 2024 година

76. Извештај за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за период од 1.1.2024 до 30.6.2024 година

77. Информација за доставување на првите нацрт верзии на ИПА III програмските документи за периодот 2025-2027 и ревидиран Стратешки одговор за периодот 2025-2027 ИПА III

78. Информација за подготовката на Деветнаесеттиот поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција кој ќе се одржи на 12 ноември 2024 година во Брисел (хибриден формат)

79. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за внатрешни работи

80. Информација за состојбата на пречистителната станица за намалување на загадувањето со шестовалентен хром во Југохром Алзар-Јегуновце и итната потреба за решавање на статусот на вработените

81. Информација за ставање во функција на хидросистемот „Спас за Дојранското Езеро", за дотур на вода во Дојранското Езеро

82. Предлог-одлука за финансирање на проект за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на Проектот за реализирање на ДУП за дел од контакт-зона „Мавровка" на Споменичка целина „Стара скопска чаршија" со намена на градба на Комунална супраструктура (подземен паркинг).

83. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и прва одлука)

84. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и петта одлука)

85. Информација за потреба од пристапување кон активен мониторинг на медиумите и содржините кои произлегуваат од нивната работа

86. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, по скратена постапка

87. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за одбрана)

88. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои записниците од Дваесет и петтата и Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 8 и 22 октомври 2024 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година во Министерството за финансии - Функции на државата (01 2024 03 01), како материјал за информирање.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Процесот на доделување на договорите за јавни набавки“ (Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје-Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино, Јавна здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“-Скопје, Јавна

здравствена установа-Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“-Охрид и Општина Битола), како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје-Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино, Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“-Скопје, Јавната здравствена установа-Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“-Охрид, а се препорачува на Општина Битола да подготват акциски планови со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Процесот на доделување на договорите за јавни набавки“ и истите во рок од 30 дена да ги достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, Владата заклучи Државниот завод за ревизија Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Процесот на доделување на договорите за јавни набавки“ (Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје-Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино, Јавна здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“-Скопје, Јавна здравствена установа-Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“-Охрид и Општина Битола) да го достави до Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција.

## Точка 3

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, Сметка за средства од Фондот (737), како материјали за информирање.

Истовремено, се задолжува Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од

сопствени приходи (531) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести -Скопје, Сметка за средства од Фондот (737) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 4**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца", како материјал за информирање.

Истовремено, ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца" и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Институтот за јавно здравје да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца" и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

3. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Управата за електронско здравство да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца" и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

4. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца" и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

5. Се задолжува Државниот санитарен и здравствен инспекторат да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со

магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

6. Се задолжува Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“, Скопје да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

7. Се задолжува Јавната здравствена установа Општа болница „Ферид Мурад“, Гостивар да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

8. Се задолжува Јавната здравствена установа Здравствен дом-Скопје да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

9. Се задолжува Јавната здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“, Битола да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

10. Се задолжува Јавната здравствена установа Клиничка болница-Тетово да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

11. Се задолжува Јавната здравствена установа Клиничка болница-Штип да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

12. Се задолжува Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност–Прилеп да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

13. Се задолжува Јавната здравствена установа Општа болница-Струмица да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

14. Се задолжува Јавната здравствена установа Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“, Охрид да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

15. Се задолжува Јавната здравствена установа Универзитетски институт за радиологија да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

16. Се задолжува Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ Скопје да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

17. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 5

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести, Сметка за средства од

програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствена услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести, Сметка за средства од Фондот (737), како материјали за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести, Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести, Сметка за средства од Фондот (737) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по Заклучок на Влада, точка 88 (Прашања и предлози) од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година (реконструкција и санација на кров на зградата на Владата на Република Северна Македонија), ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе потребните мерки и активности за санација на кровот на зградата на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по Заклучок на Влада по точка 35 од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година (санација на кров на зградата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство), ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе потребните мерки и активности за санација на кровот на зградата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 8**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за работата на Технолошко-индустриските развојни зони, за период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година.

## Точка 9

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“, Пробиштип, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“, Пробиштип.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за користење на деловен простор под закуп на Јавното претпријатие за државни патишта, ја усвои и даде согласност Јавното претпријатие за државни патишта да склучи договор за закуп со Асоцијацијата на здруженија на инженери – Инженерска институција на Македонија за деловните простории кои ги користи и располага Асоцијацијата на здруженија на инженери и тоа: деловни простории на приземје КП 11943/1, КО ЦЕНТАР 1, ул.„Даме Груев“ бр. 14, број на зграда 1, намена на зграда В4, влез 2, кат приземје, намена на посебен дел од зграда ДП, површина 184 м² по цена од 10 евра/м² месечно и број на зграда 1, намена на зграда В4, влез 2, кат подрум, намена на посебен дел од зграда П, подрумски простории во површина од 25 м² по цена од 3 евра/м² месечно, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија, со индексација на закупнината на годишно ниво, согласно годишната инфлација (не повеќе од 3%).

## Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Кавадарци.

## Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Аеродром.

## Точка 13

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

## Точка 14

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Иван Недев, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 15

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон кој се носи по редовна постапка и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Калтрина Зеколи-Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

## Точка 16

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи-Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

## Точка 17

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги, по скратена постапка, го утврди како Предлог на на закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи-Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан

Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи-Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Весна Андриевска, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 19**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2025 година.

**Точка 20**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на Автопат Тетово-Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 35+641 – км 53+127) (измена бр.2), со Предлог - одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Изменувањето и дополнувањето на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на Автопат Тетово-Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 35+641 –км 53+127) (измена бр.2).

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта по донесувањето на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на Автопат Тетово-Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 35+641 –км 53+127)

(измена бр.2), да ги извести сите државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности за одобрениот Урбанистички проект.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година, со предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2024 година (Урбанистички проект за разработка на парцела 5.1 од Детален план Градска четврт Ј 21 – локалитет Клинички центар и Геолошки завод, Општина Центар – Скопје).

2. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2024 година (Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за аеродромски комплекс Св. Апостол Павле, Општина Охрид).

3. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2024 година (Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за потребите на Министерство за внатрешни работи – Центар за обука, Општина Гази Баба).

4. Се укажува на Агенцијата за планирање на просторот во рок од 10 дена до Агенцијата за катастар на недвижности да достави дефинирани граници на планските и проектните опфати со координати за локациите опфатени со Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година.

5. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности по добивање на дефинирани граници на планскиот опфат со координати за локациите опфатени со Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година, во рок од 60 дена да изработи ажурирани геодетски подлоги и истите да ги достави до Агенцијата за планирање на просторот.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, Ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт за 2024 година.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за регулирање на долг бр.16-6715/2 од 8.8.2024 година поднесено од Општина Македонски Брод, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи Договор за регулирање на долг со должникот Општина Македонски Брод, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 1.620.370,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на седум еднакви месечни рати почнувајќи од 1 декември 2024 година.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бентонитска глина на локалитетот „Бела Глава“, с.Кучково, Општина Ѓорче Петров, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.407 Пена и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри продолжувањето на разумниот рок за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.407 Пена на концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје до 17.12.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје дека за локацијата бр.407 Пена, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија, му се продолжува разумниот рок до 17.12.2024 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 407 Пена најмалку до 17.1.2025 година.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри продолжувањето на разумниот рок за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 5.1.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.104 Габровска Река најмалку до 5.2.2025 година.

4. Се задолжува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини да формира нова комисија за вршење на постојан и редовен надзор над начинот на вршење на концесиската дејност, од редот на редовно вработените лица во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Биор енерги ДОО Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2, со Анекс бр.3 на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ Речица 2 со бр. 11-2171/1 од 27.3.2018 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, м-р Изет Меџити, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ Речица 2 со бр. 11-2171/1 од 27.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 7.4.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Биор енерги ДОО Тетово да ја продолжи важноста на

банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 5.6.2025 година.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот „Индиго хидро Македонија“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со Анекс бр.7 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс бр.7 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 со бр.02-5784/1 од 1.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 27.12.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „Индиго хидро Македонија“ ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр.143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, најмалку до 25.2.2025 година.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Гравис хидро ДОО Гостивар, за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена, со реф.бр.84 и МХЕЦ Пена со реф.бр. 85, со Анекс бр.3 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент, да склучи Анекс бр.3 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена со реф.бр.84 и МХЕЦ Пена со реф.бр.85, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 25 ноември 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Гравис хидро ДОО Гостивар да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот, најмалку до 24 јануари 2026 година.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на Шпаркасе банка АД Скопје за склучување на Директен договор со Владата на Република Северна Македонија со цел давање на согласност за залог врз уделите на концесионерот Актуел енерџи груп ДОО Скопје, со текст на Директен договор, ја усвои Информацијата и го овласти м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија да склучи Директен договор со Шпаркасе банка АД Скопје, како средство за обезбедување на исполнување на обврските од страна на концесионерот Актуел енерџи груп Скопје.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на Шпаркасе банка АД Скопје за склучување на Директен договор со Владата на Република Северна Македонија со цел давање на согласност за залог врз уделите на концесионерот Е.К.О. Енергетика ДООЕЛ Битола, со текст на Директен договор, ја усвои и го овласти првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија да склучи Директен договор со Шпаркасе банка АД Скопје, како средство за обезбедување на исполнување на обврските од страна на концесионерот Е.К.О. Енергетика ДООЕЛ Битола.

## Точка 33

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на државен пат Р1109, делница-обиколница на Богданци, Општина Богданци, со Предлог-одлука.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Љупчо Наков, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на водоводна и канализациона инфраструктура на сервисни улици според ДУП за дел од УЕ 97 во м.в. Плуждино и Горни Бунар и изградба на водоводна и канализациона инфраструктура во ЛУПД, КО Три Чешми, Општина Штип и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 и 2025 година на Министерството за транспорт, за изградба на водоводна и канализациона инфраструктура на сервисни улици според ДУП за дел од УЕ 97 во м.в. Плуждино и Горни Бунар и изградба на водоводна и канализациона инфраструктура во ЛУПД, КО Три Чешми, Општина Штип, во вкупна вредност од 29.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2024 година – средства во износ од 5.800.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2025 година – средства во износ од 23.200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт средствата да ги обезбеди од сопстениот буџет за 2025 година.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на водовод и фекална канализација на ул. „АСНОМ“, ул. „Боро Милевски“, ул. „Рудо“, ул. „Христијан Тодоровски-Карпош“ и за ромска населба „Света Недела“ и реконструкција на водоснабдување на м.в. „Новакова Чешма“ и м.в. „Плуждино“, во Општина Штип и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 и 2025 година на Министерството за транспорт, за Реконструкција на водовод и фекална канализација на ул. „АСНОМ“, ул. „Боро Милевски“, ул. „Рудо“, ул. „Христијан Тодоровски-Карпош“ и за ромска населба „Света Недела“ и реконструкција на водоснабдување на м.в. „Новакова Чешма“ и м.в. „Плуждино“, во Општина Штип, во вкупна вредност од 47.500.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2024 година – средства во износ од 9.500.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2025 година – средства во износ од 38.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт средствата да ги обезбеди од сопствениот буџет за 2025 година.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за реализирани активности за учество на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија, со Предлог – решение и Предлог за културна програма за претставување на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за изменување на Решението за назначување на генерален комесар и заменик на генералниот комесар на Република Северна Македонија за „Осака Експо 2025“.

2. Се укажува на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, средствата потребни за учество на „Осака Експо 2025“ да ги обезбеди во рамки на својот буџетски план.

3. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и трговија, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за локална самоуправа, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука, Министерството за спорт, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, а им се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија, потребните средства за учество на „Осака Експо 2025“ да ги обезбедат во рамки на своите буџетски планови.

Истовремено, се задолжува Министерството за култура и туризам да одржи состанок со Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и на наредната седница на Владата да достават соодветен предлог за обезбедување на потребните средства за Министерството за култура и туризам (функции на државата, пренамена или ребаланс).

4. Се укажува на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, средствата потребни за разработување и реализирање на предложените идеи во Работната група за подготување на план за презентирање на Република Северна Македонија на „Осака Експо 2025“ да ги обезбеди во рамки на својот буџетски план.

5. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и трговија, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за локална самоуправа, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука, Министерството за спорт, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, а им се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за промоција и поддршка за туризмот на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за финансии, потребните финансиски средства за разработување и реализирање на предложените идеи во Работната група за подготување на план

за презентирање на Република Северна Македонија на „Осака Експо 2025“ да ги обезбедат во рамки на своите буџетски планови.

Истовремено, се задолжува Министерството за култура и туризам да одржи состанок со Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и на наредната седница на Владата да достават соодветен предлог за обезбедување на потребните средства за Министерството за култура и туризам (функции на државата, пренамена или ребаланс).

6. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да формира координативно тело за одредување на членови кои ќе бидат дел од официјалните настани, на Национален ден 1 мај 2025 година и Специјален ден 8 септември 2025 година.

7. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, до наредната седница на Владата, да достави номинации, едно лице во својство на директор на павилјон и едно лице во својство на заменик-директор на павилјон, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

8. Се задолжува Министерство за култура и туризам, до наредната седница на Владата, да достави номинации, во својство на промотери/куратори до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

9. Се препорачува на стопанските комори на Република Северна Македонија да достават информација со податоци за субјектите, бројот, профилот и количини на производи на компаниите кои ќе учествуваат на „Осака Експо 2025“, заклучно со 29.11 2024 година, до Владата.

10. Се задолжува Министерството за надоврешни работи и надворешна трговија да обезбеди сопствени финансиски средства и да ги преземе сите потребни активности преку договорен субјект да организира и да реализира дел од копнениот дипломатски транспрот за Осака, Јапонија со вклучен збирен магацин во Скопје, пакување на пратката на колети, камион за основен транспорт на пратката на релација Скопје – Прво пристаниште, утовар на колетите во камион, претовар од камион во бродски контејнер на Прво пристаниште, како и претовар на колети од бродски контејнер во камион при враќање на дел од пратка од Осака на Последно пристаниште, камион за основен транспорт на таквата пратка на релација Последно пристаниште – Скопје со растовар на место(а) кое ќе го определи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија или друг надлежен орган, вклучително и извозни царински формалности за пратката при излез од Република Северна Македонија и увозни царински формалности во Република Северна Македонија при враќање на дел од пратка.

**<u>Точка 38</u>**

Владата ја донесе Програмата за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Предлог–програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година и условно ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2024 година (усогласена со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство).

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за зголемување на квотата на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 42**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–варовник на локалитетот „Остра Чука", Општина Долнени и условно ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Остра Чука", Општина Долнени, доколку Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини материјалот го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на урбанистичко-планска документација.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Ѓорче Петров.

**Точка 45**

Владата го донесе Решението за овластување на потписник за склучување на договори за купопродажба на станови.

## Точка 46

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереник Фатмир Сабрију, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за досегашните активности на Министерството за култура и туризам по однос на реализацијата на изданијата од капиталните проекти од областа на издавачката дејност, со Прилог - листа на установи за дистрибуција на книги од капиталните проекти реализирани од Министерството за култура и туризам ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за култура и туризам и Министерството за образование и наука да формираат работна група која е потребно да подготви и во рок до 30 дена до Владата да достави листа за дистрибуција и достава на книгите од капиталните проекти од областа на издавачката дејност, во која да бидат содржани институции од областа на образованието (основни и средни училишта, како и универзитети).

## Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

## Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани за спроведување специјалистичко - консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на физикалната медицина и рехабилитација.

## Точка 50

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 26 точка 4) од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, поднесено од градоначалникот на Општина Пробиштип и притоа го утврди следното мислење:

Со Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија се уредува употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Согласно членот 26 точка 4) е регулиран начинот на употреба на химната кој гласи „Химната на Република Македонија може да се изведува:

1) на прослави, политички собири, паради и други свечени манифестации со кои официјално се одбележуваат настани од значење на единиците на вооружените сили на Република Македонија и за граѓаните на Република Македонија;

2) при меѓународни средби, натпревари и други собири (политички, научни, културно-уметнички, спортски и други) на кои Република Македонија официјално учествува или е презентирана, во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири;

3) на погреб на заслужни личности кои се граѓани на Република Македонија кога од страна на Република Македонија им се укажува посебна почест и

4) во други случаи, ако нејзината употреба не е во спротивност со одредбите на овој закон.“.

Владата на Република Северна Македонија смета дека согласно Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, во членот 26 јасно и прецизно е регулирана изведбата и употребата на химната на Република Македонија и согласно тоа му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја разгледа Информацијата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, за доделена државна помош за периодот јануари-декември 2023 година и притоа го утврди следново мислење:

Со доставената Информација, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија известува дека вкупната доделена државна помош за 2023 година за корисникот ДПТУ АРЦ Аутомотив Македонија ДООЕЛ Илинден по основ на царински ослободувања и олеснувања изнесува 2.195.733 денари. Имено, согласно член 4-а став (13) од Законот за технолошки индустриски развојни зони, давателите на државна помош се должни согласно овој закон секоја година до 28 февруари да доставуваат до Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија информации за доделената државна помош, за изминатата година. Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија доставува до Собранието на Република Северна Македонија и до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони вкупна информација за доделената државна помош, за изминатата година.

Исто така, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија ја има исполнето обврската согласно член 24 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10), каде давателите на државна помош се должни најдоцна до 1 март во тековната година до Комисијата за заштита на конкуренцијата да доставaт годишни извештаи за доделената дозволена државна помош во претходната година.

Имајќи ја предвид содржината на Информацијата, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Информацијата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, за доделена државна помош за период јануари-декември 2023 година.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Иницијативата од Земјоделски комбинат Пелагонија АД Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.151/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 47 став 5 и член 47 став 6 во делот „максималните износи од ставот (5) на овој член" од Законот за земјоделство и рурален развој и оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 25 од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директни плаќања за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.18/24 и 34/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со оглед на тоа што вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на земјоделското земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток од Уредбата за директни плаќања се однесува на мерките за поддршка на доходот на земјоделските стопанства и не претставува пазарна мерка која директно влијае на положбата на земјоделските субјекти на пазарот, се смета дека не е во спротивност и не ја нарушува слободата на пазарот и претприемништвото.

Согласно Регулативата на ЕУ 32013R1307, распределбата на директната поддршка на приходите меѓу земјоделците се карактеризира со доделување на несразмерни суми за плаќања на мал број големи корисници. Големите корисници, поради нивната способност да управуваат со економии од обем, не го бараат истото ниво на поддршка на единица, за да се постигне ефикасно целта за поддршка на приходите.

Исто така, и со новата Регулатива (ЕУ) 2021/2115 на Европскиот парламент и на Советот од 2 декември 2021 година, согласно член 17 ставови 1 и 5 може да се ограничи износот на основната поддршка на доходот од дадена година во форма на горна граница на поддршката.

Одредбата од ЕУ Регулативата е како следи:
„Горна граница и постепено намалување на плаќањата

1. Земјите членки може да го ограничат износот на основната поддршка на приходот за одржливост што треба да се додели на земјоделецот за дадена календарска година. Земјите членки што одлучуваат да воведат горна граница го намалуваат за 100 % износот што надминува 100.000 евра (ЕУР).

5. Проценетиот производ од намалувањето на плаќањата првенствено се користи за финансирање на дополнителната поддршка за прераспределба на приходот за одржливост, доколку е утврден во релевантниот стратешки план на ЗЗП, а потоа и за други интервенции кон производно-неповрзаните директни плаќања."

Со оглед на тоа што еден од стратешките приоритети на Република Северна Македонија е членството во Европската Унија, како и усогласувањето на европското законодавство со македонското и во овој случај се следат насоките на Европската Унија за директната поддршка на доходот на земјоделските стопанства.

Согласно Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/21) (страни 16, 17, 18 и 19), наведена е анализата на приходот на земјоделските стопанства и влијанието на државната поддршка и директните плаќања како поддршка на приходот на земјоделците, според која крајната констатација е следна: „Што се однесува до правичноста во распределбата на средствата за директни плаќања, од анализата направена за исплатите по Програмата за 2018 година, 20% од вкупниот број на корисници на средства кои имаат добиено најмногу средства (17.330 од 86.500), се стекнале со 64,2% од вкупниот износ на исплатени средства (4,3 милијарди денари од 6,7 милијарди денари).

Иако распределбата е поизбалансирана од таа на ниво на Европската Унија, сепак постои концентрација на 2/3 од сите средства кај една петтина од корисниците, што укажува на оправданост од понатамошни интервенции во постојните методи на распределба на средствата."

Според тоа, се отфрла тврдењето дека паушално е донесен предлогот за утврдување на вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на земјоделското земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток од Уредбата за директни плаќања, согласно мерките за поддршка на доходот на земјоделските стопанства, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие членови од Законот и Уредбата.

## Точка 53

Владата ја разгледа Иницијативата од Државниот инспекторат за шумарство и ловство, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.153/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 69 став 1 и член 70-а став 3 од Законот за шумите и притоа го утврди следното мислење:

Со предметната Иницијатива се поведува постапка за оценување на уставноста на одредбите од член 69 став 1 и член 70-а став 3 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.274/22), од причина што со оспорените членови се повредувале одредбите од член 8 став 1 алинеи 3,6, 7, 8, 10, член 11 ставови 2 и 3 и член 30 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, според подносителот на Иницијативата, со оспорените законски одредби се овозможувало на државните инспектори од областа на шумарството да ги повредуваат одредбите од член 16 од Закон за шумарска и ловна инспекција, одредбите од членовите 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 од Законот за инспекциски надзор, одредбите од членот 98 став (1) (при што не е наведено на кој закон се мисли) и одредбите од член 75 ставови (1) и (2) од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, од причина што на државните инспектори им се ускратувало правото да бидат непристрасни, несубјективни и законити, со тоа што инспекторите активно учествувале при регистрација на правното лице за вршење на промет на дрво и дрвни сортименти, за потоа да вршат инспекциски надзори дали правните лица се регистрирани согласно Законот за шумите, така што било ставено во прашање владеењето на правото, социјалната правда и спречувањето на унапредувањето на заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Воедно, според наводите во Иницијативата, одредбите од член 70-а став (3) од Законот за шумите инспекторите од Државниот инспекторат за шумарство и ловство ги сметале за присилна работа и понижувачко однесување, односно истото не им било во опис и попис на работата и работните задачи, а ниту во законските овластувања за работа, со што се чуствувале понижени а со тоа им се повредувале стручните, интелектуалните и емоционалните чувства.

Државниот инспекторат за шумарство и ловство инспекцискиот надзор од областа на шумарството постапува во склад со член 100 - овластувањата на државен инспектор, од Законот за шумите, како и дејствија согласно членовите 15 став 3, 65-б, , 70, 70-а, 99, 99-а. Државниот инспекторат за шумарство и ловство е должен да постапува согласно горенаведените одредбите од Законот за шумите, а вршење на инспекциски надзор на никаков начин не претсавува присилна работа или понижувачко однесување.

Вршењето на инспекциски надзор е основан работна задача на инспекторите и инспекторатот поради што се смета дека овој навод од Иницијативата нема основ.

Согласно член 8 став 1 алинеи 3, 6, 7, 8 и 10 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се предвидени: владеењето на правото, правната заштита на сопственоста, слободата на пазарот и претприемништвото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата.

Според член 11 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, се забранува секаков облик на мачење, нечовечко и понижувачко однесување и казнување, а согласно став 3 од истиот член се забранува присилна работа.

Согласно член 30 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира правото на сопственост и правото на наследување, а според став 2 од истиот член сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата.

Согласно став 3 од истиот член, никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон, а според став 4 од истиот член во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Според член 69 став (1) од Законот за шумите, исеченото дрво во шума како и надвор од шума (освен дрво од овошни стебла на земјоделско земјиште), без оглед во чија сопственост е, мора да е жигосано со втиснување на јасно видлив шумски жиг и снабдено со испратница за исечено дрво и дрвни сортименти кога се превезува од местото на утовар или пренесува од место до место, која се издава во електронска и хартиена форма.

Согласно член 70 став (1) од Законот за шумите, забранет е откуп, преработка и промет на дрво и дрвни сортименти кои не се жигосани и снабдени со испратница.

Согласно наводите во Иницијативата во врска со оспорувањето на член 70-а став (3) од Законот за шумите, се укажува на следното:

Во точката 1 од Иницијативата е наведено дека со оспорениот член повредени се одредбите од член 8 став 1 алинеи 3, 6, 7, 8 и 10 од Уставот и владеењето на правото, така што со одредбите од член 70-а став (3) од Законот за шумите се овозможувало државните инспектори од областа на шумарството да ги повредуваат одредбите од член 16 од Законот за шумарска и ловна инспекција, одредбите од членовите 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 од Законот за инспекциски надзор и одредбите од член 75 ставови (1) и (2) од Закон за спречување на корупција и судирот на интереси, со нивното постапување согласно оспорениот член 70-а став (3) од Законот за шумите.

Имено, согласно член 21 став (1) алинеја 10 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, надзорот од надлежност од областа на шумарството го врши преку Државниот инспекторат за шумарство и ловство, а инспекцискиот надзор од областа на шумарството го врши врз основа на членовите 15 став 3, 65-б, 70, 70-а, 99, 99-а, и 100 од Законот за шумите, поради што наводите за оспорување на членот 70-а став (3) од Законот за шумите се неосновани.

Воедно, наводите во Иницијативата дека биле повредени одредбите од членовите 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 од Законот за инспекциски надзор, се неосновани со оглед дека посочените одредби претставуваат општи начела на инспекциски надзор (начело на законитост, еднаквост, непристрасност и објективност, начело на одговорност, на материјална вистина, начело на сослушување на субјектите на инспекцискиот надзор, на самостојност, на јавност, на пропорционалност, на превенција и начело на супсидијарност), па оттука во Иницијативата нема наведено причини за неуставност на истите. Напротив, доколку инспекторите ги почитуваат наведените одредби од Законот за инспекциски надзор при вршење на надзорот, во постапката се обезбедува поголема правичност како и оневозможување на било каква манипулација во постапката за регистрација на правните лица за промет од поединец.

Видно од горенаведеното, изнесената причина за оспорување на членот 70-а став (3) нема основ.

Наводите во Иницијативата дека членот 98 став (1) (но не е наведено според кој закон, се претпоставува дека се работи за Законот за шумите), бил повреден бидејќи инспекторите активно учествувале при регистрација на правното лице за вршење на промет на дрво и дрвни сортименти, а потоа требале да вршат инспекциски надзори дали истото правно лице било регистрирано согласно одредбите од Законот за шумите и дали вршело промет на дрво и дрвни сортименти согласно одредбите на Законот за шумите, така правното лице во целост зависело од работењето на инспекторите уште при самата постапка на регистрирање, а покасно и при самото работење на истото правно лице, па со тоа имало можност за мито и корупција, но и ограничување на слободата во платниот промет, се неосновани од причина што согласно член 70-а став (1) од Законот за шумите, промет на дрво и дрвни сортименти може да врши правно лице кое е регистрирано согласно одредбите од Законот за шумите и ги исполнува условите да има вработено најмалку едно стручно лице од областа на шумарството – дипломиран шумарски инженер-насока Шумарство со или без работно искуство или лице со завршена средна стручна спрема од шумарска струка – шумарски техничар, техничар за шумарство и пејсажна архитектура или специјалист за шумарски работи со минимум две години работно искуство од областа на стопанисување со шумите, да е во урбана/населена средина со пристапен пат согласно урбанистичката планска документација, приклучок на електрична, водоводна и канализациска мрежа (потврда од соодветните институции), да има административен простор со минимална површина од 10м$^2$ и простор за складирање на дрво и дрвни сортименти со минимална површина од 1.000 м$^2$, да е регистрирано во Регистарот на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти кој се води во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, при што укажуваме дека правното лице во постапката за регистрација за промет со дрво и дрвни сортименти ја започнува со поднесување на потребната документација до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За горенаведените услови реална потврда од теренски увид со инспекциски надзор од инспектор е потребен за постоењето на приклучок на електрична, водоводна и канализациска мрежа , административен простор со минимална површина од 10 м2

и пристапен пат. Инспекторите со вршењето на инспекциски надзор во постапката на регистрација на правни лица за промет на дрво и дрвни сортименти немаат активна улога туку со проверката на фактичка состојба на лице место се дел од постапката и придонесуваат кон правилно одлучување на надлежниот орган.

Следењето на условите под кој е регистрирано правното лице претставува редовна работа и се врши во идните инспекциски надзори, согласно член 100 став (1) точка 1) од Законот за шумите.

Правното лице, покрај горенаведените услови секако треба да ги исполнува и условите за трговија на мало и големо согласно Законот за трговија, каде условите предвидени со тој закон ги проверува Државниот пазарен инспекторат.

Исто така, се укажува дека инспекцискиот надзор не влијае на ограничување на слободата во платениот промет со оглед дека во Законот за шумите не содржи одредби за платниот промет, при што инспекторите од Државниот инспекторат за шумарство и ловство немаат овластувања за истото при што, овие правни лица подлежат на надзор и на други надлежни инспекторати, Управата за јавни приходи и др.

Видно од горенаведеното, истакнатиот навод од подносителот на Иницијативата нема никаков основ.

Поднесувачот на Иницијативата ги наведува одредбите од член 30 од Уставот каде се гарантирани правата на сопственост и одредби од Законот за земјоделско земјиште и дека со одредбите од член 69 став (1) и став (2) од Законот за шумите се повредени истите.

Овој навод нема никаква допирна точка со оспорената одредба од причина што оспорената одредбата од член 69 став (1) од Законот за шумите воопшто не се однесува на сопственоста или на било каков начин ја оспорува или ја ограничува.

Одредбата од член 69 став (1) од Законот за шумите се однесува на регулирање на транспортот на дрво или дрвни производи кога се превезува од местото на утовар или пренесува од место до место, а испратницата се издава во електронска и хартиена форма, со што дрвото или дрвните производи во транспорт на дрвото или во понатамошниот промет добиваат легалност.

Во спротивно, неиздавање на документи за транспорт и нежигосување на дрвните сортименти при транспортот и нивен пласман на пазарот со дрвни сортименти би се создал хаос на начин што не би се разликувале дрвните сортименти кои легално се исечени со дрвни сортименти кои се бесправно исечени и кои не поседуваат документи и не се обележани/жигосани, поради што наводот е без основ.

Законот за земјоделско земјиште воопшто не третира прашања на дрва, шумски дрва и слично ниту пак има одредби за сеча или транспорт на истите. Во Законот за

земјоделско земјиште постои една одредба во член 43 став 1 алинеја 1 Мерки за заштита од ерозија, стои:
Заради заштита и спречување на ерозија на земјоделското земјиште се преземаат следниве противерозивни мерки:

- ограничување или потполна забрана на сечење и ископачување на овошки и шумска вегетација, освен од агротехнички причини или градежни зафати од јавен интерес утврден во согласност со закон.

Видно од изнесеното, согласно Законот за земјоделско земјиште забрането е сеча на шумска вегетација на земјоделски земјишта подложни на ерозивни процеси.

Во Иницијативата од страна на поднесувачот е поставена дилема, каде се прашуваат зошто одредбата од членот 69 ставови 1 и 2 од Законот за шумите се однесуваат за се што е дрво, а дрвата на земјоделски земјишта, градежни земјишта и со култура води не се шума.

Очигледно е неразбирањето не само на оспорената одредба 69 ставови 1 и 2, туку и на самиот Закон за шумите што е невообичаено за институција како Државен инспекторат за шумарство и ловство.

За дрвја, паркови, зеленило во урбани средини/градежно земјиште постои Закон за урбано зеленило според кој се постапува во границите на урбаните средини за сеча на дрвја, но транспортот на дрвјата со овој закон не е уреден.

Законот за шумите се однесува на шумите кои се дефинирани согласно член 6 од Законот за шумите, но истовремно, Законот за шумите во пооделните членови 69 ставови 1 и 2 и 70 став 1 го регулира транспортот и прометот на дрво и дрвни сортименти без оглед на тоа од каков вид на земјиште потекнува дрвото или дрвниот сортимент, а тоа е од причина што само Законот за шуми го третира ова прашање и ниеден друг закон. Во спротивно, неиздавање на документи за транспорт и нежигосување на дрвните сортименти при транспортот и нивен пласман на пазарот со дрвни сортименти би се создал хаос на начин што не би се разликувале дрвните сортименти кои легално се исечени со дрвни сортименти кои се бесправно исечени и кои не поседуваат документи и не се обележани/жигосани, поради што се смета дека наводот е без основ.

Дрво и дрвни сортименти во промет не се ставаат само од шума туку и од сите други видови на земјишта и одтука излегува потребата, но и обврската согласно ЕУ регулативите EU Timber Regulation и FLEGT Regulation истите да биде соодветно регулирано со документ-испратница и одележено-жигосано во транспорт и пред пуштање во промет, а соглсно најновата директива за дефорестација и деградација на шумите, преку Законот за шумите со кои одредби се обезбедува легалност за потеклото на секое исечено дрво во секоја фаза – сеча со геолокација за секое дрво, жигосување со чекан со жиг при транспорт, промет до краен корисник со пратечка документација/испратница во хартиена и електронска форма.

Од горенаведеното, произлегува дека подносителот со предметната Иницијативата – оценување на уставноста на одредбите од член 69 став 1 и член 70-а став 3 од Законот за шумите и изнесените причини во истата, се прави обид да се нарушат одредби со кои значајно придонесуваат кон законитост и легалност на производи – дрвни сортименти кои се добиваат од шумите и вон шумите. Обидот да се оспорат член 69 став 1 и член 70-а став 3 од Законот за шумите единствено може да е во корист само на криминални структури во шумарство кои од година во година и се повеќе ги загрозуваат шумите и природата со нелегални дејствија и остваруваат значајни нелегални приходи.

Врз основа на претходно изнесеното се смета дека член 69 став (1) и член 70-а став (3) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/2015, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 274/22), се во согласност со член 8 став 1 алинеи 3, 6, 7, 8 и 10, член 11 ставови 2 и 3 и член 30 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 54

Владата ја разгледа Иницијативата од Државниот инспекторат за шумарство и ловство, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.114/24 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 76 став 4 од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23) и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со предметот на Иницијативата – оценување на уставноста на одредбите од член 76 став (4) од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23) поднесена од страна на Државениот инспекторат за шумарство и ловство при што од нивна страна се наведува дека со оспорениот член се повредува член 8 став 1 алинеја 3, алинеја 8 и алинеја 10 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со наводите истакнати во Иницијативата Владата ве информира за следното:

1.Законот за дивечот и ловството е стапен на сила во месец декември 2023 година, при што, во постапката за донесувањето на овој закон, во фаза на произнесување и усогласување со другите институции од страна на Државниот инспекторат за шумарство и ловство се има произнесено позитивно по Законот за дивечот и ловството, без никакви забелешки по истиот (во прилог на дописот Мислење во однос на законот на Државниот инспекторат за шумарство и ловство).

Исто така, од страна на Државниот инспекторат за шумарство и ловство е извршена номинација на инспекторите во комисиите за утврдување на штети причинети од дивеч под трајна или привремена заштита при што се номинирани 14 инспектори,

од кои, 12 инспектори се само со овластување за вршење на инспекциски надзор согласно Законот за шумите, а само двајца инспектори се со овластување по Законот за дивечот и ловството и истите имаат соодветни Решенија за работа во два посебни Сектори (Сектор за инспекциски надзор во шумарството, односно Сектор за инспекциски надзор во ловството).

2.Во точка 1 од Иницијативата е наведено дека со членот 76 став (4) од Законот за дивечот се повредува одредбата од член 8 став 1 алинеја 3 – владеење на правото, на начин што инспекторите кои се членови на комисиите за утврдување на штети причинети од дивеч под трајна или привремена заштита воедно вршат инспекциски надзор и кај корисниците на дивеч во ловиштата и управувачите на државните ловишта.

Наведената констатација сугерира судир во извршувањето на задачите како инспектори од една страна и како членови на комисијата од друга страна за што тврдиме дека нема никаков основ поради тоа што од номинираните 14 инспектори 12 инспектори немаат никакви овласувања по Законот за дивечот и ловството ниту вршат било каков инспекциски надзор кај корисниците на дивечот во ловиштата или управувачите со државни ловишта. Исто така, и двајцата номинирани инспектори кои имаат овластување по Законот за дивечот и ловството и вршат инспекциски надзор кај корисниците на дивечот во ловиштата или управувачите со државни ловишта немаат никаков судир од причина што комисијата утврдува штети по барање на лица кои претрпеле штети од дивеч, под лица во конкретниот случај не се подразбираат корисниците на дивеч во ловиштата или управувачите на државните ловишта што јасно е наведено во Решенијата за формирање на комисија за утврдување на штети причинети од дивеч под трајна или привремена заштита и од тука, Државниот инспекторат во доставената Иницијатива неможе да гради невистинита позиција на двојство/судир во задачите на инспекторите и истото да го користи како  причина за оспорување на член 76 став (4) од Законот за дивечот и ловството.

Исто така, во Иницијативата подносителот наведува дека инспекторот не смее да врши работи за друг работодавач, очигледно алудирајќи на министерот/Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое ги формира комисиите. Евидентно е апсолутно непознавање на организацијата на државните органи, односно, согласно член 21 од Законот за организација и работа на органите на државната управа Државниот инспекорат за шумарство и ловство  е орган во состав на Министерството, а согласно член 5 став 4 од истиот закон Органите во состав на министерствата можат да се основаат за вршење на определени управни, стручни и други работи од надлежност на министерството.

Од горенаведеното, многу јасно произлегува дека инспекторатот е во надлежност на министерството/министерот и воопшто неможе да стане збор за „друг работодавач".

Начелата кои се наведни во Иницијативата, а се тврди дека се оневозможени да ги запазат при своето работење, се цени дека е неточно таквото тврдење, туку напротив, имајќи ги предвид горенаведите факти,  инспекторите со своето учество

во комисиите ќе го зајакнат спроведувањето на наведените начела во спроведувањето на оспорената законска одредба.

Во Иницијативата е наведена одредба од член 8, став 1, алинеја 8 –Темелни вредности на Уставот –хуманизам, социјална правда и солидарност, кои според инспекторите им се загрозени со тоа што не им е дозволено правото за спроведување на одредби од Законот за шумарска и ловна инспекција, Законот за инспекциски надзор и Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Во наводот не е објаснето на каков начин оспорената одредба од Законот за дивечот и ловството им ја загрозува социјалната правда на инспекторите или истата е нехумана, или на кој начин ги попречува инспекторите во спроведување на наведените закони.

Во Иницијативата е наведена одредба од член 8, став 1, алинеја 10 од Уставот, која подносителот смета дека со учество во комисиите ќе ги повредат одредбите од Законот за заштита на природата и Законот за животна средина. Инспекторите од Државниот инспекторат за шумарство и ловство немаат никакво овластување по наведените закони, ниту пак имаат каква било врска со спроведување на наведените закони.

Под точка 2 во Иницијативата е наведено дека според одредбите од член 11, ставови 2 и 3 од Уставот, учеството во работата на комисијата инспекторите го сметаат за присилна и понижувачка работа и покасно би вршеле надзор над самите себе. Од страна на Државниот инспекторат за шумарство и ловство е извршена номинација на инспекторите во комисиите, така што е евидентно дека нема никаква присила за истото. Со учество во комисијата се утврдува штета кој за трајно заштитен дивеч се исплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија, па оттука не е јасно како може да биде понижувачко да се вршат дејствија во инерес на рационално трошење на буџетски средства.

Напоменуваме дека дејствијата кои ги извршува комисијата се состојат во процена на факти дали штетата е воопшто од дивеч (согласно на одредбите на Законот за дивечот и ловството), како и тоа дали настанала од дивеч врз основа на остатоците на траги од дивечот за кој се тврди дека ја нанел штетата, од што јасно произлегува дека со наведеното дејствие не се нарушува на никаков начин интегритетот на инспекторот, ниту се загрозени начелата определени со Уставот или согласно друг закон или пропис.

Пред Државната комисија за спречување на корупцијата, предходно, од страна на подносителот на Инцијативата-Државниот инспекторат за шумарство и ловство, исто така поднесена е пријава под број 09-223/1 од 22.6.2021 година по што од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата е поведена постапка и истата со Одлука бр. 09-3958/4 од 12.5.2023 година е запрена.

Исто така, вредно е да се потенцира и намерата на законодавецот, кој имајќи ги предвид досегашните искуства на одлевање на огромните средства на годишно ниво од Буџетот на Република Северна Македонија, предвидел формирање на трichлени

стручни комисии составени од вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за храна и ветеринарство и Државниот инспекторат за шумарство и ловство кои единствени, согласно на овој закон, располагаат со потребен стручен кадар (дипломирани шумарски инженери, дипломирани инженери сточари и доктори по ветринарна медицина), а се со цел правилно утврдување на фактите, со кои и двете страни (Република Северна Македонија е евентуално оштетената страна) би се довеле во состојба да не се повредуваат правата на оштетените, односно издатокот од Буџетот на Република Северна Македонија да биде реален во однос на направената штета.

Поради горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да ја одбие Иницијативата од Државниот инспекторат за шумарство и ловство, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.114/24 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 76 став 4 од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23), односно Уставниот суд да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 55

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Пенџерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.924, за КО Сингелиќ-1, на КП бр.3156, викано место/улица „Сава Михајлов“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

## Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Пенџерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.931, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.3138, викано место/улица „Сава Михајлов“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 57

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Пенџерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 927, за КО Сингелиќ - 1 на КП бр.3155 викано место/улица „С. Михајлов“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 58

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Пенџерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 952, за КО Сингелиќ - 1 на КП бр. 3157 викано

место/улица „С. Михајлов“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Пенџерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 930, за КО Сингелиќ - 1 на КП бр. 3139, викано место/улица „С. Михајлов“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Пенџерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 929, за КО Сингелиќ - 1 на КП бр. 3153, викано место/улица „С. Михајлов“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Пенџерковски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.928 за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.3154, викано место/улица „С.Михајлов“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Диана Бардаров од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100177 за КО Штип - 5, на КП бр.7457, викано место/улица „Град“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симон Зафировски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.194280 за КО Драчево 2, на КП бр.10073, викано место/улица „Речиште“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и Мислењето на Акционерското друштво за изградба

и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Василевски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1254 за КО Орман, на КП бр.392, викано место/улица „Трлиште" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 65**

1. Владата го разреши Сали Ајдини, од должноста вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт.

2. Владата го именува Ерџан Зеќири за вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата донесе Решение за именување на претседател, заменик-претседател, членови и заменици-членови на Комисијата за жалби (при Централниот регистар), со кое се именуваат:

а) за претседател
- Стојанчо Радичевски

б) за заменик-претседател
- Звонко Богдан

в) за членови
- Бојан Богоески и
- Ратко Димовски и

г) за заменици-членови:

- Дарко Доневски и
- Филип Петровски.

4. Владата од должноста претседател и членови на Одборот за надзор на материјално финансиска контрола на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија ги разреши:

а) од претседател
- Далибор Атанасов

б) од членови

-Мируше Шаини и
-Ќани Сеадиновски.

4.1. Владата за претседател и членови на Одборот за надзор на материјално-финансиска контрола на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија ги именува:

а) за претседател

- Васко Јанкуловски

б) за членови:

- Емилија Илиевска
- Арлинда Шлаку.

**5.** Владата од должноста членови на Одборот за контрола на материјално – финансиското работење на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија ги разреши:

- Дарко Милошевски
- Билјана Ефтимова и
- Омер Ќазимоски.

5.1. Владата за членови на Одборот за контрола на материјално – финансиското работење на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија ги именува:

- Даница Наскова,
-Томи Стефков и
- Љубица Олтовска-Кољариќ.

**6.** Владата на Република Северна Македонија врз основа на член 18 став (1), член 19 став (6), а во врска со член 17 став (2) и став (3) точка 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија од должноста членови на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија да ги разреши:

- Андреј Тасев
- Мерита Дема
- Лирим Сулејмани и
- Фатон Амбари

**7.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ Скопје за вршител на должноста заменик на директорот да го избере Шаип Даиловски.

**8.** Владата заклучи да му предложи на Собранието на Институтот за стандардизација од должноста членови на Советот на Институтот за стандардизација - претставници на основачот (Влада) да ги разреши Даниела Ристиќ- Стомнароска, Кристина Сотировска, а за членови да ги именува Васил Иванов и Валентина Трајковска.

<u>Точка 66</u>

**1.** Владата ги определи м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието по текстот на Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2025 - 2029 година.

**2.** Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политички систем, Љупчо Димовски, ги информираше членовите на Владата, дека во четврток на 21 ноември 2024 година, ќе се одржи седница на Собранието за поставување на пратенички прашања од пратениците од пратеничките групи во опозиција и од пратениците во опозиција кои не се организирани во пратеничка група, а последниот четврток од ноември, односно на 28 ноември 2024 година, во Собранието на Република Северна Македонија ќе одржи седница за поставување на пратенички прашања.

**3.** Државниот правобранител на Република Северна Македонија, Беким Емини, пред претседателот и членовите на Владата, согласно член 21 од Законот за Државното правобранителство, даде свечена изјава која гласи:

„Изјавувам дека во својата работа ќе се придржувам кон Уставот и законите и дека ќе ги штитам имотните права и интереси на Република Северна Македонија и својата функција ќе ја извршувам совесно, одговорно и чесно.“.

**4.** Владата по Барањето за измена на заклучоците 1 и 2 од точка 46: „Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Општина Охрид“, од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година, заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1. Даде согласност врз основа на претходно издадено позитивно Мислење од Министерството за финансии за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука од Програма Т/ТД, Ставка 482 Сметка 637 за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Општина

Охрид и тоа: за реконструкција 100.000,00 денари со ДДВ во 2024 година и 19.374.503,00 денари со ДДВ за 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Општина Охрид со плаќање по времени ситуации во период од 12 месеци со следнава динамика:
- за реконструкција 100.000,00 денари со ДДВ во 2024 година и 19.374.503,00 денари со ДДВ за 2025 година.“.

**5.** Владата по Барањето за измена на заклучоците 1 и 2 од точка 47: „Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево и услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево, од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2024 година, заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука од Потпрограма ТБ, Сметка 637 за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево , како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево и тоа во вкупна вредност за реконструкција 31.999.999,92 денари со вклучен ДДВ и за услуги за вршење на стручно-технички надзор 799.999,98 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- за реконструкција 10.000,00 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 2.500,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година и
- за реконструкција 31.989.999,92 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 797.499,98 денари со вклучен ДДВ во 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево со плаќање по времени ситуации во период од 10 месеци со следнава динамика:
-за реконструкција 10.000,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година, а 31.989.999,92 денари со вклучен ДДВ во 2025 година и за услуги за вршење на стручно-технички надзор 2.500,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година и 797.499,98 денари со вклучен ДДВ во 2025 година.“.

## Точка 67

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за македонски јазик (јануари – декември 2023 година), како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Годишната сметка за 2023 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за економија и труд, во консултација со корисниците на овие мерки, да подготви и достави анализа за ефектите и реализацијата на програмите од предметниот Извештај.

2. Се задолжуваат министерствата, кои имаат вакви програми и мерки за субвенционирање, да одржат координативен состанок од кој би произлегле предлози за следење на ефектите со индикатори за мерење на успешноста на програмите.

**Точка 72**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за периодот јануари-март 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за периодот април-јуни 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Студенчица", Кичево, за вториот квартал на 2024 година (1.4-30.6 2024 година), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица", Кичево, за втората наредна седница на Комисијата, да достави предлог начин со кој претпријатието би можело директно да наплаќа за потрошена вода од корисниците, имајќи го предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии по однос на ненаплатените долгови и проблемите со наплатата од јавните комунални претпријатија.

**Точка 75**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот јануари - март 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за период од 1.1.2024 до 30.6.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на првите нацрт верзии на ИПА III програмските документи за периодот 2025-2027 и ревидиран Стратешки одговор за периодот 2025-2027 ИПА III, ја усвои Информацијата и ги задолжи министерствата координатори на секторите кои ќе се финансираат во периодот 2025-2027 - (Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за јавна администрација) да ги преземат неопходните активности за подготовка на програмските документи, согласно програмската година и до крајот на ноември 2024 година да ги достават до Министерството за европски прашања.

**Точка 78**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за подготовката на Деветнаесеттиот поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција кој ќе се одржи на 12 ноември 2024 година во Брисел (хибриден формат), со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд, за копретседавач на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција.

2. Се задолжува копретседавачот на Поткомитетот внатрешен пазар и конкуренција, во соработка со Министерството за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата да биде доставена до Европската комисија преку Министерството за европски прашања, најдоцна до 6 ноември 2024 година, за што се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија веднаш до Министерството за европски прашања да достават номинации на лица кои ќе присуствуваат на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија, најдоцна до 6 ноември 2024 година.

## Точка 79

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за внатрешни работи (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на пречистителната станица за намалување на загадувањето со шестовалентен хром во Југохром Алзар-Јегуновце и итната потреба за решавање на статусот на вработените и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од седум дена да започне постапка за усогласување на актот за систематизација на работните места, согласно потребите за работни места за осум извршители – оператори на пречистителна станица и да донесе Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Се задолжува Министерството за јавна администрација, во рок од седум дена од приемот на актите за систематизација на работните места, во рамките на своите надлежности и овластувања, да ја заврши постапката за давање согласност на актите за систематизација на работните места.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од седум дена од денот на приемот на Барањето на Министерството за животна средина и просторно планирање, да даде позитивно мислење за обезбедени финансиски средства за 2025 година за вработување на определено време на осум извршители во Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги преземе потребните дејствија за вработување на определено време на осум извршители – оператори на пречистителна станица.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за ставање во функција на хидросистемот „Спас за Дојранското Езеро“, за дотур на вода во Дојранското Езеро, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да предвиди и алоцира финансиски средства во буџетот за 2025 година, за реконструкција на хидросистемот „Спас за Дојранското Езеро“ и негово ставање во функција за да обезбеди дотур на вода во Дојранското Езеро, со цел спречување на голема еколошка катастрофа, со оглед на фактот дека моменталната ситуација со нивото на водостојот на Дојранското Езеро е 76 см под дозволениот минимум.

## Точка 82

Владата ја одложи од разгледување Предлог–одлуката за финансирање на Проектот за реализирање на ДУП за дел од контакт-зона „Мавровка“ на Споменичка целина „Стара скопска чаршија“ со намена на градба на комунална супраструктура (подземен паркинг) поради потребата Министерството за финансии, Министерството за транспорт и Општина Чаир да изнајдат соодветно решение по однос на законскиот основ за одобрување на средствата за реализирање на овој проект и истото да го достават до Владата.

## Точка 83

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и прва одлука) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 84

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (четириесет и петта одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од пристапување кон активен мониторинг на медиумите и содржините кои произлегуваат од нивната работа и ја усвои со заклучок текстот на Информацијата и предлог - заклучоците да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

*   *   *

Владата на Република Северна Македонија на Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 ноември 2024 година ја разгледа Информацијата за потреба од пристапување кон активен мониторинг на медиумите и содржините кои произлегуваат од нивната работа и ја усвои со заклучок текстот на Информацијата и предлог - заклучоците да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

Притоа, истата е надмината на Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 ноември 2024 година, точка 111 Прашање и предлози, Информација за потребата од пристапување кон оценка на медиумското влијание и содржините кои произлегуваат од нивната работа.

## Точка 86

Владата повторно го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и м-р Радослав Настасијевиќ-Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

## Точка 87

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (Министерство за одбрана).

## Точка 88

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за културата, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереник Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура и туризам.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:20 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**